ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 04-813/2
Датум: 22.07.2021

Врз основа на член 30, член 48, член 49, член 50, член 51, член 52 и член 53 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), член 9 став 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21), а во врска со Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/15) и согласно Правилник за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија заверен под број 01-803/1 од 28.08.2020 година, број 01-803/2 од 28.10.2020 година, број 01-341/1 од 11.02.2021 година, број 01-341/4 од 22.02.2021 година, а во врска со Годишниот план за вработување за 2021 година под број 01-925/1 од 30.10.2020 година, за кој е добиено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација заверена под број 12/6-4152/5 од 14.12.2020 година и согласност од Министерство за финансии бр.08-4628/226-2 од 20.11.2020 година и Измена на Годишниот план за вработување за 2021 година на Државен завод за ревизија, заверен под број 01-619/1 од 07.05.2021 година за кој е добиено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација заверена под број 09-2256/4 од 29.06.2021 година, и позитивно мислење од Министерството за финансии број 08-140/154-2 од 25.05.2021 година, и Известување за обезбедени средства во буџетот на Државниот завод за ревизија за унапредување на административен службеник на работно место раководител на одделение број 18-5319/2 од 25.06.2021 година, Државниот завод за ревизија објавува:

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 16/2021
За унапредување на административен службеник во
Државниот завод за ревизија

Државниот завод за ревизија објавува Интерен оглас за унапредување на 1 (еден) административен службеник за следното работно место:

| **Назив на работно место** | Раководител на одделението за буџетска контрола и плаќање |
|---|---|

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

| | |
|---|---|
| **Организациона единица** | Одделение за буџетска контрола и плаќање |
| **Шифра** | УПР 01 01 Б04 000 |
| **Ниво** | Б04 |
| **Звање** | Раководител на одделение |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Општи услови** | - да е државјанин на Република Северна Македонија,<br>- активно да го користи македонскиот јазик,<br>- да е полнолетен,<br>- да има општа здравствена способност за работното место,<br>- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност. |
| **Стручни квалификации:** | 1) VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>2) вид на образование ( економски науки) |
| **Работно искуство:** | - најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор. |

| | |
|---|---|
| **Потребни општи работни компетенции на напредно ниво:** | - решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;<br>- учење и развој;<br>- комуникација;<br>- остварување резултати;<br>- работење со други/тимска работа;<br>- стратешка свест;<br>- раководење и<br>- финансиско управување |
| **Посебни работни компетенции** | - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски)<br>- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење<br>- потврда за положен испит за административно управување |
| Распоред на работно време: | - работни денови понеделник-петок<br>- работни часови неделно: 40<br>- работно време: од 08:00 до 16:00 |
| Паричниот нето износ на основната плата | 29.715,00 денари. |

На интерниот оглас може да се јават административни службеници вработени во Државниот завод за ревизија, кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот завод за ревизија и при тоа, административниот службеник треба да ги исполнува и следните услови:

1) оценет/а со оценка „А" или „Б" при последното оценување;
2) да е најмалку две години на исто ниво;
3) да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на иста категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
4) да не му/и е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас;

Заинтересираните административни службеници поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата (која можат да ја преземат електронски од веб страната на Државниот завод за ревизија ) преку архивата на Државниот завод за ревизија, или по пошта на адреса ул. „Павел Шатев" број 2, Палата „Емануел Чучков" 1000 Скопје, Република Северна Македонија до: Државен завод за ревизија- Одделение за човечки ресурси, како и на следната електронска адреса vesna.simonovska@dzr.gov.mk

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на Агенција за администрација и web страната на Државниот завод за ревизија.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Со почит,

**Главен државен ревизор,**

**М-р Максим Ацевски**

Изработил: Весна Симоновска, МБА
Контролирал: М-р Александар Поповски

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# П Р И Ј А В А
## ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС

| | |
|---|---|
| **Број на оглас** | |

| | |
|---|---|
| **Назив на работно место за кое кандидатот аплицира** | |

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | |
| Државјанин на РМ | да☐ | не☐ |
| Контакт телефон | | |
| електронска адреса на кандидатот | | |
| Распореден на работно место ( назив, шифра, организациона единица) | | |

**ОБРАЗОВАНИЕ**

| | |
|---|---|
| Образовна институција | |
| Насока на завршено образование | |
| Степен на образование/кредити | |

**РАБОТНО ИСКУСТВО**

| | | |
|---|---|---|
| Работно искуство | да☐ | не☐ |
| Вкупен работен стаж | ☐ години | ☐месеци |
| Работно искуство во струката | ☐ години | ☐месеци |
| Област во која е стекнато работното искуство | | |

| | |
|---|---|
| Податоци за оценување во последните 3 години | ________ __________ __________ |
| Податоци за дисциплинска мерка 1 година пред објавувањето на интерниот оглас | |
| Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас | ☐ години ☐месеци |
| Област во која е стекнато работното искуство | |

**ИЗЈАВА**

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во оваа пријава се веродостојни.
Се согласувам личните податоци наведени во пријавата да се користат исклучиво за цели на постапката на вработување во Државен завод за ревизија.

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА**

Потпис

Датум на поднесување